**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 8
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 3 - програма за мултимедијални презентации
**Наставна содржина:** Креирање целосна презентација со слајдови како поддршка за кратка усна презентација и спроведување усна презентација
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи да изготви целосна презентација со слајдови и да ја искористи за одржување усна презентација
**Очекувани резултати:** Ја стартува изработената презентација и ја користи за одржување усна презентација
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во групи
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, презентира

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Водиме дискусија за наученото од минатиот час со прашањето: Како се додава звук или видео - клип во презентација? На овој час ќе повториме како успешно да ја искористиме изработената компјутерска презентација за одржување усна презентација
**Учечко – поучувачки активности:** Користејќи ги знаењата од час 6, слајдовите во компјутерската презентација се менуваат со клик на глушецот или со стрелките на тастатурата.
Наставникот на табла запишува правила за добра презентација пред публика:

- добро запознај се со содржината на презентацијата;
- придржувај се до темата;
- користи прашања за да им биде интересно на слушателите;
- секогаш имај предвид дека она што го кажуваш е точно;
- користи едноставни и кратки примери кога објаснуваш.

Изработените презентации со USB меморија се префрлуваат на наставничкиот компјутер, на кој е приклучен LCD проектор.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Учениците се поделени во групи, по еден претставник од секоја група прави усна презентација користејќи го LCD проекторот. Се внимава на правилата за добра презентација пред публика.
Учениците ја прогласуваат најдобрата презентација и објаснуваат зошто е најдобра.
**Активности за евалуација:** Дискусија за изученото во оваа тема и можностите што ги нуди програмата OpenOffice Impress.

obrazovanie.literatura.mk